**Р Е П У Б Л И К А М А К Е Д О Н И Ј А**
**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ**
**Бр. 02-2886/2**
**4. 12. 2003 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 75 и 132 од Законот за високото образование ("Службен весник на РМ" бр.64/2000 и бр. 49/2003), член 7 до 17 од Законот за работни односи со кој се регулираат условите и начинот на засновање на работен однос и согласно Единствените критериуми за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања, усвоени од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија (Универзитетски гласник бр. 25/2002), Наставно-научниот совет на XIV седница, одржана на 4. 12. 2003 година, **д о н е с е**

# О Д Л У К А

## за избор во наставно-научно звање и засновање на работен однос на Земјоделскиот факултет во Скопје

**I**

**Д-р ПЕТАР ХРИСТОВ**, се избира во наставно-научно звање - **редовен професор** по предметот **општо лозарство** на Земјоделскиот факултет во Скопје, (Билтен бр.839, стр.1 од 14.11.2003 година), по Конкурсот објавен на 11.09. 2003 година, во весникот "Дневник".

Именованиот заснова работен однос и остварува права и обврски од работен однос на Земјоделскиот факултет, согласно Законот за високотообразование, Законот за работни односи и колективниот договор за времето на кое е избрана.

**II**

Земјоделскиот факултет и избраниот кандидат склучуваат Договор за работа, со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски од работниот однос, а деканот на Факултетот ќе донесе решение за распоредување на работно место и за утврдување на плата и надоместоци од плата.

**III**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 5. 12. 2003 година.

Одлуката да се достави до именованиот, катедрата, сметководството, персоналното досие, архивата и докментацијата на Факултетот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука, незадоволната страна има право на приговор до Наставно-научниот совет, во рок од 8 дена од денот на доставувањето

**Д Е К А Н,**